# ОсоговО

ОСОГОВСКИТЕ ПЛАНИНИ ВО БАЛКАНСКИОТ ЗЕЛЕН ПОЈАС



## За проектот

Во 2007 година две партнерски организации, Македонско еколошко друштво (МЕД) од Македонија и Бугарска фондација за биолошка разновидност (БФБ) од Бугарија, започнаа со имплементација на прекуграничен проект „Осоговските Планини во Балканскиот зелен појас“ - дел од имплементација на сеопфатна Европска иницијатива „Европски зелен појас“.

Финансиската поддршка на проектот е обезбедена од Франкфуртското зоолошко друштво и Про Натура.

Нашата заедничка цел е да обезбедиме поефикасна заштита на биодиверзитетот и одржлива употреба на природните ресурси во регионот на Осоговските Планини преку формирање на прекугранично заштитено подрачје со поддршка од локалните власти.



По пет години успешна реализација на проектот, можеме да се пофалиме со бројни резултати од сите спроведени активности и со фактот дека регионот, за кој сите претходни податоци беа недоволни во секој поглед, денес е истражено подрачје со база на податоци и дефинирани се зони и граници за предлог за заштитено подрачје.

Прекуграничниот форум е значаен настан на кој ќе можеме подетално да Ви ги презентираме нашите досегашни достигнувања и резултати и истовремено да ја зајакнеме соработката помеѓу значајните чинители во регионот, од Македонија и од Бугарија, со заедничка цел за воспоставување на заштитено подрачје на Осогово.

Во врска со погоре изложеното...

и лично
и различно





ОСОГОВСКИТЕ ПЛАНИНИ ВО БАЛКАНСКИОТ ЗЕЛЕН ПОЈАС



# Покана

Почитувани,

Македонското еколошко друштво заедно со градоначалникот на Крива Паланка и во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање со особено задоволство,

Ве поканува да присуствувате на **прекуграничниот Форум за Осогово** кој ќе се одржи на 16-ти и 17-ти мај 2011 година во манастирот Св„Јоаким Осоговски“ во Крива Паланка, Македонија.



Се надеваме дека ќе не почестите со Вашето присуство и воедно ќе ни овозможите со Вас да ги споделиме нашите досегашни достигнувања и да ги дискутираме и надминеме сегашните и идни предизвици на патот кон воспоставување на заштитено подрачје на Осогово.

Вашето присуство и активното учество на форумот како претставник на _________________ ќе бидат од големо значење за идното заштитено подрачје на Осоговските Планини и регионот во целост.

Трошоците за сместување и храна ќе бидат покриени од организаторите.

За дополнителни информации обратете се кај:
МЕД; Китанова Деспина, osogovo@mes.org.mk, тел. +389 2 2402 773
БФБ; Петко Цветков, petko.tzvetkov@biodiversity.bg, тел. + 359 2 9209 975

Ве очекуваме,

Македонско еколошко друштво (МЕД)
Бугарска фондација за биолошка разновидност (БФБ)



pro natura

МЕД MES

BULGARIAN BIODIVERSITY FOUNDATION

FRANKFURT ZOOLOGICAL SOCIETY

